# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.27 од 05.02.2014 година**

## Член 1

Во Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 13/13 и 69/13), по членот 1 се додава нов член 1-а, кој гласи:

## „Член 1-а

Одредбите на овој закон се применуваат и на деловен простор - спортски објекти над кои права, должности и одговорности во поглед на користењето, управувањето и располагањето има Република Македонија."

## Член 2

Одредбите на овој закон ќе се применуваат до 31 мај 2014 година.

## Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".